Уп. бр.08-11

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија со седиште на ул. Сами Фрашери, Кула Метропол, К2, 1001 Тирана, Република Албанија, преку Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ од Скопје, на седницата одржана на ден 31.01.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија со седиште на ул. Сами Фрашери, Кула Метропол, К2, 1001 Тирана, Република Албанија ќе стекне директна контрола над Друштво за трговија и маркетинг СТУДИО МОДЕРНА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Костурски херои бр. 38 Кат К1/ЛОК 1 Скопје, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 28.12.2023 година, а дополнето на 04.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија со седиште на ул. Сами Фрашери, Кула Метропол, К2, 1001 Тирана, Република Албанија, со која СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија Тирана,

Република Албанија ќе стекне директна контрола над Друштво за трговија и маркетинг СТУДИО МОДЕРНА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Костурски херои бр. 38 Кат К1/ЛОК 1 Скопје. СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија има намера да стекне 100% удел во Друштвото за маркетинг и услуги СТУДИО МОДЕРНА ДООЕЛ Скопје, а која е во сопственост на Студио Модерна Холдингс Инвестментс Б.В.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија се занимава со управување и контрола со трговски друштва, обезбедување на помош на трговски друштва во целосна или делумна сопственост на друштвото, продажба на големо и мало на стока и опрема.

СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија е ново основано друштво и нема директно поврзани друштва во Република Северна Македонија.

СМА ХОЛДИНГ Ш.П.К. Албанија е дел од групацијата во која, преку друштво основано од страна на нејзиниот основач во Република Косово, е присутна во Република Северна Македонија преку друштвата:

- ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје со седиште на Ул. Македонско – Косовска Бригада 11 бр. 1/1 Скопје и дејност трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалоци и тутун
- Друштво за трговија Кит ГО ДООЕЛ Штип со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 52, Штип и дејност трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалоци и тутун.

Друштво за маркетинг и услуги СТУДИО МОДЕРНА ДООЕЛ Скопје е друштво кое се занимава со трговија на мало преку пошта и интернет која вклучува трговија на мало на производи за домаќинство (мебел, душеци, перници, постелнини, под-душеци, над-душеци), опрема за осветлување и други предмети за домаќинства, производи за подготовка на храна и други производи за унапредување на живеењето и опрема за чистење во домот. Трговијата ја сочинуваат продажба на брендирани производи како што се Топ Шоп, Дормео, Делимано, Волкмакс и Велнео, преку различни канали за продажба: телевизија, интернет, продажба на мало преку продавници, телемаркетинг.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**